A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 24.12.2019

Во текот на 23.12.2019 на подрачјето на СВР Скопје превземени се мерки и активности, при што од сообраќај се исклучени **двајца** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол. Исто така, санкционирани се: **еден** возач поради поминување на крстосница на црвено светло и **двајца** возачи поради недавање првенство на минување на пешаци. Во однос на пешаците, санкционирани се **11** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и **осум** пешаци поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден **75** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 23.12.2019 во 18.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ѓорче Петров" патничко возило „фиат добло", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ч.У.(35) од с.Рашче, скопско, удрило во велосипед управуван од С.С.(61) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила С.С., по што била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 23.12.2019 во 17.30 часот било пријавено дека на регионален пат на мостот на реката Вардар, во близина на с.Удово, патничко возило „мерцедес Е270", со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Д.Ш.(27) од с.Миравци удрило во трактор „ИМТ 533", управуван од С.Р.(55) од с.Давидово. Во незгодата С.Р. се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Општата болница Гевгелија за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од екипа од Полициската станица Валандово.

На 23.12.2019 во 18.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ј.К.(67) од Скопје пријавила дека на ул.„Саса" била касната од куче скитник во пределот на левата рака.

На 24.12.2019 во 02.35 часот во Полициска станица Струга било пријавено дека во с.Калишта, струшко, настанал пожар во куќа сопственост на Р.Е.(73) од с.Калишта, при што од пожарот со тешки телесни повреди се здобил Р.Е., кој им подлегнал на повредите. Со телесни повреди се здобиле М.Е., Е.Е. и И.Е., сите од с.Калишта, кои се префрлени во Медицинскиот центар Струга за укажување на лекарска помош. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Струга, а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Струга. За случајот е известен Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено на семејството.

На 24.12.2019 околу 00.00 часот примена е пријава дека на влез во с.Бардовци било пукано кон Б. М.(40), кој се движел со возило „мерцедес". Б.М. е пренесен во болницата „Систина" за укажување помош. Во врска со настанот е приведен С.Е. (23). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2019 во 09.15 часот во Полициската станица Аеродром, З.С.(51) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 24.12.2019 околу 00.10 часот во тетовското село Теарце полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Л.А.(29) од Тетово затоа што при негов и преглед на возилото „опел" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувал, била пронајдена марихуана. Л.А. бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосното документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.12.2019 полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Б.(25) од Куманово затоа што кај при преглед кај него биле пронајдени и одземени 3200 парчиња пиротехнички средства – петарди. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.12.2019 околу 21.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово на импровизирана тезга, поставена на градскиот плоштад во Тетово, пронашле и одзеле над 2000 разновидни пиротехнички средства, најголем број петарди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Полициската станица Кочани поднесе кривична пријава против Н.М.(21) од с.Зрновци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 11.12.2019 во близина на црквата „Св.Ѓорѓи" во Кочани пријавениот со употреба на физичка сила од С.Т.(59) од Кочани одзел пари и мобилен телефон.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Н.(62) од с.Чегарне, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 29.11.2019, Х.Ш.(38) од Тетово пријавил дека на 25.06.2019 по претходен договор со пријавениот за добивање виза за Саудиска Арабија, бил измамен така што, откако му дал 2.033 евра и патна исправа, пријавениот не бил достапен за пријавителот.

На 23.12.2019 во 23.35 часот на граничен премин „Табановце“ од слобода бил лишен А.И.(32) од с.Трубарево, скопско, поради тоа што ги омаловажувал и се обидел физички да ги нападне царинските службеници на граничниот премин. За настанот бил известен јавен обвинител, а лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 23.12.2019 во 23.40 часот во СВР Скопје, О.Д.(37) од Скопје пријавил дека околу 22.15 часот на улица „Филип Втори Македонски“ во ГТЦ, неговиот малолетен син бил физички нападнат од две малолетни лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2019 во 02.30 часот во СВР Скопје, А.М.(51) од Скопје пријавил дека на 23.12.2019 околу 22.00 часот во ЈЗУ Психијатриска Болница-Скопје(Бардовци), додека извршувал работни задачи како портир-чувар, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2019 околу 00.20 часот во Полициската станица Куманово, А.А.(24), А.С.(20), М.А.(20) и А.С.(28), сите од Куманово, пријавиле дека околу 00.10 часот во с.Проевце, кумановско, биле физички нападнати од Н.Н., кого го познавале од порано и неколку други лица, а со дрвени предмети го оштетиле патничкото возило „мерцедес“ со кумановски регистарски ознаки, со кое пристигнале на местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2019 околу 11.20 часот во Полициската станица Чаир од слобода бил лишен А.Ц.(19) од Скопје, кој дошол во полициската станица и се однесувал агресивно и ги омаловажувал полициските службеници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2019 околу 09.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во магацини на Дирекција за заштита и спасување во касарна „Гоце Делчев“ во населба Аеродром биле пронајдени школски модели на оружје, кои не биле евидентирани во нивните евиденции, а наводно биле оставени од АРМ во 2005 година. На местото на настанот увид извршла увидна екипа од СВР Скопје, а предметите се подигнати за понатамошно постапување.

На 23.12.2019 околу 07.45 часот, од Поликлиниката „Јане Сандански“ било пријавено дека кај нив било донесено починато новороденче старо 27 дена. Според пријавеното, новороденчето било пронајдено од неговиот татко Х.Н.(26) без знаци на живот. Смрт констатирал лекар, а по наредба на Јавен обвинител телото на новороденчето било дадено на обдукција.

На 23.12.2019 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Дане Крапчев“ во Скопје едно лице со закана од вработените одзело пари. Се преземаат мерки за рачистување на случајот.

На 23.12.2019 во 21.00 часот во Полициската станица Центар, З.Ш.(47) од Скопје пријавил дека во Жена парк во Скопје неколку лица со закана од неговиот малолетен син одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

(/page/biro-za-javna-bezbednost) (/analizistatistiki/kriminal) minister-co) » Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)